# Macedonia Postcards Episode 58 —Bonda Dimiškova
# Македонски Разгледници Епизода 58 — Бонда Димишкова

**00:34**

**DAVID**
Today's podcast is a special edition featuring Bonda Dimiškova.

**ДЕЈВИД**
Денешниот подкаст е специјално издание за Бонда Димишкова.

**DRAGI**
A voice filled with deep, elegiac emotions, a voice of sorrow, a voice of joy and happiness, a voice of unattainable longing, a voice that comes from the depth of the soul, a voice that springs from the warmth of the heart, a voice whose notes are like pearls on a necklace…That is the voice of Bonda Dimiškova.

**ДРАГИ**
Глас со длабока елегична емотивност, глас на тага, глас на радост и среќа, глас на недостижен копнеж, глас што доаѓа од длабочината на душата, глас што извира од топлината на срцето, глас кој како зрно по зрно паѓа на низа бисери... Тоа е гласот на Бонда Димишкова.

In our previous podcasts we talked about songs that were part of my three CD set. We usually talked about the artist, the singer who first recorded the song. And, here and there I had mentioned different singers who were probably from the same area, from the same region where the song is from, and I would briefly introduce that singer.

Во нашите претходни поткасти зборувавме за песни кои беа дел од сетот од трите мои цедеа. Обично зборувавме за изведувачот, пејачот кој прв ја снимил песната. И, овде-онде имав спомнато различни пејачи кои веројатно биле од истиот крај, од истиот регион од каде што е песната, и накусо ќе го претставив тој пејач.

In couple of previous podcasts, I mentioned the name Bonda Dimiškova, so David and I thought a lot and really wanted to make a contribution, to give recognition to this wonderful and unique singer from Macedonia, a singer since the very beginning of the existence of Radio Skopje, since the beginning when Radio Skopje started recording and when it started recording folk songs on tapes. Unfortunately, not much was known about Bonda Dimiškova. And that kind of piqued my interest in finding out who Bonda really is. Although Bonda was not an unfamiliar name to me, I still did not know much about her.

Во неколку поранешни поткасти го спомнав името Бонда Димишкова, па јас и Дејвид многу размислувавме и навистина сакавме да дадеме придонес, да ѝ оддадеме признание на оваа прекрасна и уникатна пејачка од Македонија, пејачка уште од самиот почеток на постоењето на Радио Скопје, уште пред почетокот на Радио Скопје да почне со снимања и кога народните песни започна да ги става на ленти. За жал, не се знаеше многу за Бонда Димишкова. И тоа некако ми го поттикна интересот да дознаам која всушност е Бонда. И покрај тоа што Бонда не ми беше непознато име, сепак не знаев многу за неа.

I first heard the name Bonda Dimiškova when I was about six or seven years old. And how did I hear it? In the neighborhood where I lived, usually during the summer, we the children, spent most of the day together. And, I clearly remember, once the radio was playing and there was a song, a lady was singing. One of my friends said, "Oh, my grandmother's sister is

Името Бонда Димишкова првпат го слушнав кога имав околу шест или седум години. И, како го слушнав? Во соседството каде што живеев, обично во текот на летото, сите деца, поголемиот дел од денот го минувавме заедно. И, јасно се сеќавам, еднаш свиреше радио и имаше песна, една госпоѓа пееше. Еден од моите другари рече:

**4:25**

singing.” And I said, “Who is she?” “Bonda Dimiškova.” So that name was engraved in my brain. I don’t know why...Was it because Bonda had a voice that catches your attention, a voice that enters your soul and immediately finds a place in you? That’s how I remembered Bonda for a long time, until we started these podcasts. Then that name came alive again in my head, in my memories. And I said to myself, “I have to find out who Bonda is.” She was imaginary to me, but so close to me through her sister, Baba Gora, my friend’s grandmother, whom I knew very well. But I knew nothing about Bonda. Besides, I was just a kid then. Then it didn’t occur to me to find out more, to ask Baba Gora, Bonda’s sister, who is actually Bonda, to find out more about her life, what she did, how and when she first started singing. etc., etc. I, being what I am, when it comes to my mind, I never rest until I find out more and more about the person.

„О, пее сестра ѝ на баба ми.“ И, реков: „Која е таа?„„Бонда Димишкова„. Така, тоа име остана врежано во мојот мозок. Не знам зошто... Дали затоа што Бонда имаше глас што ти го привлекува вниманието, глас кој влегува во душата и веднаш наоѓа место во неа? Така, се сеќавав на Бонда долго време, сè додека не ги започнавме овие подкасти. Тогаш тоа име повторно оживеа во мојата глава, во моите сеќавања. И, си реков: „Морам да откријам која е Бонда.“ Таа ми беше имагинарна, но толку блиска со мене преку нејзината сестра, баба Гора, бабата на мојот другар, а која јас добро ја познавав. Но, не знаев ништо за Бонда. Освен тоа, тогаш јас бев само дете. Тогаш, не ми падна на ум да дознаам повеќе, да ја прашам баба Гора, сестрата на Бонда, која всушност е Бонда, да дознаам повеќе за нејзиниот живот, со што се занимавала, како и кога првпат почнала да пее. итн., итн. Јас, бидејќи сум таков, каков што сум, кога ќе ми падне на ум нешто, никогаш не миирувам сè додека не откријам сè повеќе и повеќе за она за што се работи.

Last year I was in Macedonia, and a few days before I came back to the US, my neighbors, who lived across the street from me, said to me, "Oh, you’re already going back to the US. Come back and have a coffee and talk before you go, because we havent seen you in a long time." So I did one morning. As we talked, I suddenly remembered that he was the cousin of my childhood friend, the one who first mentioned Bonda Dimiškova’s name and who told me, "That’s my grandmother’s sister."

Минатата година бев во Македонија, и неколку дена пред да се вратам во САД, моите соседи, кои живееја спроти мене, ми рекоа: „Ох, веќе ќе се вратиш во САД. Наврати да се напиеме по едно кафе и да си поразговараме пред да заминеш, зашто не сме те виделе долго време.“ Така и направив. Додека зборувавме, наеднаш се сетив дека тој е братучед на мојот пријател од детството, оној кој првпат го спомна името на Бонда Димишкова и кој ми рече: „Тоа е сестра ѝ на баба ми.“

**DAVID**
So you didn’t know it until that moment or you didn’t remember it until that moment?

**ДЕЈВИД**
Значи не го знаеше тоа до тој момент или не се сеќаваше на тоа до тој момент?

**DRAGI**
No, I didn’t actually remember it, but I knew it. I knew his father was my friend’s father’s brother. Anyway, I told him...His name is Kiro. I told him,

“Kiro, you are Nikola’s cousin.”
“Yes, I am.”
“Baba Gora was your grandmother?”

**ДРАГИ**
Не, јас всушност не се сетив на тоа, но го знаев. Знаев дека неговиот татко е брат на таткото на мојот пријател. Како и да е, му реков... Тој се вика Киро. Му реков,
“Киро, ти си братучед со Никола.“
“Да, сум.“
“Баба Гора ти беше баба?“

"Yes."
"That means Bonda Dimiškova is your grandmother, too."
"Yes, she is his father's aunt, and Bonda is Kiro's grandmother."
"Yes, she is my grandmother," he replied.
"Do you know anything about Bonda?"
"I only know that he has three sons, and I know that one of them is Dimko and he is still alive. He was a judge in the city court, but I don't know much about him."
I asked him how I could find out more about Bonda, and he referred me to another cousin. He said he might be in touch with Bonda's sons.

I never got a chance to talk to him, but sometimes things, you know, roll down the road and come your way. On Facebook, there is a site, "Old Skopjani," old timers from Skopje, or something similar. Someone mentioned a family of Dimiškovski as an old Skopje family. I knew about that family and had already talked to a member, who was a friend of mine. I asked him if he was a relative of Bonda Dimiškova. In fact, she was Bonda Dimiškovska, but in the radio station they registered her as Bonda Dimiškova. I do not know why. That's interesting. However, he said, "No, but she must be one of the many Dimiškovskis because I know there is another family of Dimiškovskis." So I wrote a comment on Facebook. I said: "There is another Dimiškovski family in Skopje, and that is the family of Bonda Dimiškova, the radio singer, the famous radio singer from the 50s." And I said, "If anyone knows anything about the family I'm talking about, please let me know." And there was one, and another, and a third person responding! They said: "Yes, we know, Bonda Dimiškova lived in another part of the city. I know that she had a son Dimitrie." And another said: "Ah, she also had a son, Borivoje, and she had another son." And in the end, one of the closest relatives of the family, from the neighborhood of Čair, where Bonda was born, where she grew up and made her mark, said: "Yes, if you want to know more, talk to Dimko Dimiškovski. His daughter, Ana Dimiškovska, might be able to put you in touch with her father, the son of Bonda." And so we began. I asked her to give me a phone number where I can call and contact the family. After contact-

"Да."
"Тоа значи, Бонда Димишкова, исто така, ти е баба."
Да, таа е тетка на неговиот татко, а Бонда е баба на Киро.
"Да, мене ми е баба." ми одговори.
"Знаеш ли нешто за Бонда?"
"Знам само дека има три сина, а знам дека еден од нив е Димко и тој е уште жив. Тој беше судија во Врховниот суд, но не знам многу за него."
Го прашав како можам да дознаам повеќе за Бонда, и тој ме упати кај друг братучед. Рече дека можеби тој е во контакт со синовите на Бонда.

Никогаш немав шанса да разговарам со него, но понекогаш работите, знаете, се тркалаат по патот кон вас и наидуваат во вашата насока. На Фејсбук има сајт, „Стари Скопјани." олдтајмери од Скопје, или нешто слично. Некој спомна едно семејство на Димишковски како старо скопско семејство. Знаев за тоа семејство и веќе разговарав со еден член од него, кој ми беше пријател. Го прашав дали е роднина на Бонда Димишкова. Всушност, таа беше Бонда Димишковска, но во радиото ја забележале како Бонда Димишкова. Не знам зошто. Тоа е интересно... Да. Како и да е, тој рече: „Не, но таа мора да е една од многуте Димишкови бидејќи знам дека има уште едно семејство на Димишковски." Така, на Фејсбук пишав коментар. Реков: „Во Скопје има уште едно семејство Димишковски, а тоа е семејството на Бонда Димишкова, радио пејачката, познатата радио пејачка од 50-тите години." И реков: „Ако некој знае нешто за семејството за кое зборувам, ве молам да ме известите." И, имаше еден, и друг и трет! Тие рекоа: „Да, знаеме, Бонда Димишкова живееше во друг дел од градот. Знам дека таа имаше син Димитрие." А друг пак рече: „А, таа имаше и син Боривое, и имаше уште еден син." И на крајот, една од најблиските роднини на семејството од населбата Чаир, каде што Бонда е родена, каде што пораснала и ставила свој белег, рече: „Да, ако сакате да дознаете повеќе, зборувајте со Димко Димишковски. Неговата ќерка, Ана Димишковска, можеби ќе може да ве поврзе со нејзиниот татко, синот на Бонда." И така почнавме. Ја замолив да ми го да-

ing her, she called me and said that Ana was very happy to talk with me.

дете телефонскиот број на кој можам да се јавам и да стапам во контакт со семејството? Откако ја исконтактирала, ми се јави и рече дека Ана е многу среќна што ќе разговара со мене.

**DAVID**
Unbelievable. So you actually got in touch with someone who is basically Bonda's granddaughter, the daughter of her son Dimitrie, Dimko, who is still alive.

**ДЕЈВИД**
Неверојатно! Така, ти всушност стапи во контакт со некој кој во основа е внука на Бонда, ќерката на нејзиниот син Димитрие, Димко, кој е сè уште жив.

**DRAGI**
Yes, he's still alive.

**ДРАГИ**
Да, уште е жив.

**DAVID**
And you found her through Facebook?

**ДЕЈВИД**
И ја најде преку Фејсбук?

**DRAGI**
Yes, on Facebook.

**ДРАГИ**
Да, преку Фејсбук.

**DAVID**
And did you call her?

**ДЕЈВИД**
И ја побара ли?

**DRAGI**
David, remember, I called her from here, and you were here the first time I called.

**ДРАГИ**
**ДЕЈВИД**, сети се, јас ѝ се јавив оттука, а ти беше тука првиот пат кога се јавив.

**DAVID**
Oh yes. Yes, yes.

**ДЕЈВИД**
Ох, да. Да, да!

**DRAGI**
Then she said, "You know what? Let me give you my father to speak to. He's right here, and he's actually very anxious to talk to you." So we talked for the first time. I told him what my intention was and what my goal was, that I wanted to present Bonda's profile to a huge audience and tell people who Bonda was. He was very surprised when I told him that Bonda is not actually forgotten, that there are people in America who know Bonda by name. They know Bonda through some of her songs, but they don't know much about her life and her recording history. That's how the story began. And he said, "Why don't you just send me your questions about what you'd like to know and I'll write all the answers down for you." He did that. He was so generous that he wrote about five or six pages detailing his mother's biography, her

**ДРАГИ**
Тогаш таа рече: „Знаете што? Дозволете ми да да ви го дадам татко ми да зборувате со него. Тој е токму тука, и тој всушност е многу нестрплив за да зборува со вас." Така, разговаравме за прв пат, му кажав која е мојата намера и која е мојата цел, дека сакам да го претставам профилот на Бонда пред огромната публика и да им кажам на луѓето која е таа. Тој беше многу изненаден кога му кажав дека Бонда всушност не е заборавена, дека има луѓе во Америка кои ја знаат Бонда по име и презиме. Тие ја познаваат Бонда преку некои нејзини песни, но не знаат многу за нејзиниот живот и за нејзината историја на снимање. Така започна приказната. И тој рече: „Зошто, едноставно не ми ги пратите вашите прашања за тоа што би сакале да знаете и јас ќе ви ги запишам сите одговори."

**11:42**

life, her ups and downs, the recording time, the time she sang. I read that and said to myself, "We have to do a translation of these pages, and with David we should put them on the website so that people can read it and have them in front of them."

Тој тоа и го стори. Беше толку дарежлив што напиша околу пет или шест страници со детали за биографијата на мајка му, за нејзиниот живот, нејзините подеми, падови, времето на снимањето, за времето кога пеела. Јас го прочитав тоа и си реков: „Мораме да направиме превод на овие страници и со Дејвид да ги ставиме на веб-страницата за луѓето да можат ова да го прочитаат и да го имаат пред себе.“

**DAVID**
He sent you the answers to your questions, but it also sounds like he elaborated them. Do you have that document? Do you want to read it?

**ДЕЈВИД**
Тој ти ги испрати одговорите на твоите прашања, но звучи и како и да елаборирал. Го имаш ли тој документ? Сакаш ли да го прочиташ?

**DRAGI**
Well, maybe I will too. Maybe, you know, I'll go to it from time to time. I would like to present it the way he said it because I was very impressed with the way he talks about his mother, about her life, about everything.

**ДРАГИ**
Па, можеби и ќе го сторам тоа. Можеби, знаеш, одвреме-навреме ќе се навратам на него. Би сакал да го претставам онака како што тој го кажа зашто бев многу импресиониран од начинот на кој тој зборува за својата мајка, за нејзиниот живот, за сè.

**DAVID**
Okay, here's what I would suggest. Why don't you start reading what he sent you, and then if something comes to mind, you can stop the narration and continue with your own memories, or your own thoughts. If I have a question about what you read, I will interrupt you and ask the question. Start like that and see how it goes.

**ДЕЈВИД**
Добро, еве што би предложил. Зошто не почнеш да читаш од тоа што ти го пратил, а потоа ако нешто ти текне, можеш да престанеш со неговото раскажување и да продолжиш со свои спомени, или со свои мисли. Ако имам прашање во врска со прочитаното, ќе те прекинам и ќе го поставам прашањето. Почни така, па ќе видеме како ќе оди.

**DRAGI**
Yes, okay, it's okay. It's OK. That's totally fine with me. I didn't mention this, but I will now. In fact, the place where Bonda Dimiškova was born and spent her youth, is the next block from my neighborhood.

**ДРАГИ**
Да, во ред, во ред е. Тоа е сосема во ред со мене. Не го спомнав ова, но сега ќе го спомнам. Всушност, Бонда Димишкова, местото каде што е родена и каде што ја поминала младоста, е соседниот блок од моето маало.

**DAVID**
Oh, she lived so close to you.

**ДЕЈВИД**
О, таа живеела толку блиску до тебе?

**DRAGI**
Right, David.

**ДРАГИ**:
Точно, Дејвид.

**DAVID**
Have you ever met her?

**ДЕЈВИД**:
Дали некогаш си ја сретнал?

## 13:16

**DRAGI**
No, I met her once, but much later.

**DAVID**
No, I thought as a child.

**DRAGI**
No, as a child, never. I didn't even know she lived right there, which is only half a kilometer away from my house.

**DAVID**
Have you ever passed by her house?

**DRAGI**
Almost on daily basis.

**DAVID**
But you never met her.

**DRAGI**
I never met her. I had friends from that neighborhood that I would call and talk to and ask about the roots of the family. I was friends and hung out with these guys every day, but it never occurred to me that Bonda could be, her roots could be right there. Anyway, she was born in my neighborhood in 1905. She was Vaska's aunt. I think Vaska was born in 1925.

**DAVID**
She was Vaska Ilieva's aunt?!

**DRAGI**
Yes.

**DAVID**
Oh man, this is amazing!

**DRAGI**
Yes, actually Vaska's mother and Bonda's mother were cousins.

**DAVID**
Wow!!!

**ДРАГИ**
Не, еднаш лично ја запознав, но многу подоцна.

**ДЕЈВИД**
Не, мислев како дете.

**ДРАГИ**
Не, како дете, никогаш. Не ни знаев дека таа живее токму таму, што е само на половина километар оддалечено од мојата куќа.

**ДЕЈВИД**
Дали некогаш си поминал покрај нејзината куќа?

**ДРАГИ**
Речиси секојдневно.

**ДЕЈВИД**
Но, никогаш не ја запозна.

**ДРАГИ**
Никогаш не ја запознав. Имав пријатели од тоа соседство, на кои ќе им се јавам и да разговарам и ќе ги прашам за корените на семејството. Секојдневно се дружев со овие момци, но никогаш не ми падна на ум дека Бонда може да биде, нејзините корени, можат да се токму од таму. Како и да е, таа е родена во моето маало во 1905 година. Таа ѝ беше тетка на Васка. Мислам дека Васка е родена 1925 година.

**ДЕЈВИД**
Ѝ беше тетка на Васка Илиева?!

**ДРАГИ**
Да.

**ДЕЈВИД**
О, човеку, ова е неверојатно!

**ДРАГИ**
Да, всушност, мајката на Васка и Бонда биле братучетки.

**ДЕЈВИД**
Леле!!!

**14:19**

**DRAGI**
So this is what intrigued my desire to find out who Bonda was.

**ДРАГИ**
Токму ова е она што ја заинтригира мојата желба да дознаам која е Бонда.

**DAVID**
So you already knew that.

**ДЕЈВИД**
Значи, ти тоа го знаеше уште од порано.

**DRAGI**
Because Vaska Ilieva spoke a lot about Bonda. She often mentioned that Bonda was her aunt. And, you know, singing wasn't just Vaska's talent, it ran in the family.

**ДРАГИ**
Васка Илиева многу зборуваше за Бонда. Многу често спомнуваше дека Бонда ѝ е тетка. И, знаете, пеењето не било само талент кај Васка, туку тоа било во рамките на семејството.

**DAVID**
Yeah, yeah, sure.

**ДЕЈВИД**
Да, да, сигурно.

**DRAGI**
Later, I heard from Vaska's niece, Vaska's sister's daughter, that actually Vaska's sister, Botka, was also a great singer. And as Vaska used to say, her sister was a better singer even than Vaska herself. But unfortunately, I mentioned this in our last podcast…

**ДРАГИ**
Подоцна, слушнав од внуката на Васка, Душка Бангиева, ќерката на сестрата на Васка, дека всушност и сестрата на Васка, Ботка, била одлична пејачка. И, како што велеше Васка, нејзината сестра била подобра пејачка дури и од самата Васка. Но, за жал, ова го спомнав во нашиот последен подкаст...

**DAVID**
Yes, her husband wouldn't let her sing, or something. Her husband did not allow her to sing.

**ДЕЈВИД**
Да, сопругот не ѝ дозволил да пее, или така некако. Нејзиниот сопруг не ѝ дозволувал да пее.

**DRAGI**
So I saw that connection that it's a talent that runs in the family.

Bonda had a very difficult childhood. The family was very poor, facing poverty. Her father died very early and she was left, as we say, a half-orphan, that is, with one parent, only a mother. What actually happened? Her father, with some neighbors, went to cut wood in the nearest forest, not far from the settlement where they lived. There was an ambush and they killed them all.

**ДРАГИ**
Така, јас ја согледав таа врска, дека тоа е талент кој се сретнува во целото семејство.

Бонда имала многу тешко детство. Татко ѝ умрел многу рано и таа останала, како што ние велиме, пола сираче, значи, со еден родител, само со мајка. Што всушност се случило? Татко ѝ, со некои соседи, отишол да сече дрва во најблиската шума, недалеку од населбата каде што живееле. Имало поставено заседа и сите дрвосечачи биле убиени.

**DAVID**
Oh my goodness.

**ДЕЈВИД**
О, Боже!

**DAVID**
This is how her son describes that event:

**ДРАГИ**
Еве како го опишува тоа нејсиниот син Димитрие.

**16:48**

"He and a group of men from the neighborhood, before dawn, went to a near forest to cut wood. There they were ambushed by an armed group; all of them were killed in a brutal manner. The attackers loaded the dead bodies onto the horses and the horses returned home, to Trikuḱi, on their own. My mother vividly remembered that event and told it with great disturbance, how the families met the horses with the dead bodies of their masters on their backs. People were crying and screaming in painful lament. Later, a word was spread that her father and the entire group had been killed by mistake. Namely, the ambush was set for another group. The lumberjacks broke into that ambush, it was still dark, the ambushers didn't recognize them, and they thought they were the people they were waiting for. And so, they unfortunately, were murdered by mistake."

„Имено, тој со група мажи од маалото, уште неразденето, заминале на сечење дрва. Таму паднале во заседа од некоја вооружена група, сите биле убиени на ѕверски начин. Напаѓачите, мртвите тела ги натовариле на коњите и коњите сами се вратиле дома во Трикуќи. Мајка ми живо се сеќаваше на овој настан и со голема вознемиреност раскажуваше како семејствата со пискотници и тажаленки ги дочекале мртвите тела на своите домаќини. Подоцна се пронел глас дека татко ѝ и целата група биле убиени по грешка. Имено, заседата чекала некоја друга група, но дрварите упаднале во таа заседа, било уште темно, не ги препознале дека не се тие луѓе што ги чекале. И така, несреќно настрадале."

The family stayed with her uncle, her father's brother. Later on, her uncle, convinced her mother to marry somebody else, but with one  condition: the men she was marrying didn't want the children, the children had to stay behind with their uncle. Her mother never got over the fact that she left her children behind. She got sick and she The family stayed with her uncle, her father's brother. Later on, her uncle, convinced her mother to marry somebody else, but with one  condition: the men she was marrying didn't want the children, the children had to stay behind with their uncle. Her mother never got over the fact that she left her children behind. She got sick and she passed away. away.

Семејството останало кај нејзиниот чичко, братот на нејзиниот татко. Подоцна, нејзиниот чичко ја убедил мајка ѝ да се омажи за некој друг, но под еден услов: човекот за кој се омажела не сакал деца и децата морале да останат со нивниот чичко. Нејзината мајка никогаш не го преболела фактот дека ги оставила своите деца. Подоцна, таа се разболела и починала.

**DAVID**
Oh my goodness. While Bonda was still young, it sounds like.

**ДЕЈВИД**
Боже мој! Додека Бонда била сѐ уште мала.

**DRAGI**
She was still young.

**ДРАГИ**
Сѐ уште била мала.

**DAVID**
She lost her mother and her father.

**ДЕЈВИД**
Ги изгубила и мајка си и татка си.

**DRAGI**
Yeah, and her father. Later, she met her husband. Of course, at that time, the customary meeting was with matchmakers.

**ДРАГИ**
Да, и нејзиниот татко. Подоцна го запознала својот сопруг. Се разбира, во тоа време, вообичаена средба била со стројници.

18:45

**DAVID**
Arranged.

**ДЕЈВИД**
Со договор.

**DRAGI**
Arranged and Dimitrie, Bonda's son, says that her father also was an orphan. And since there was nobody to make them a wedding, to pay for the wedding, they decided she goes as a runaway bride to him without a wedding.

**ДРАГИ**
Со договор. Димитрие, синот на Бонда, вели дека и неговиот татко бил сирак. И бидејќи немало кој да им направи свадба, да плати за свадбата, решиле таа да оди како бегалка кај него, без свадба.

**DAVID**
So can you describe what a runaway bride is at that time?

**ДЕЈВИД**
Можеш ли да објасниш што значело бегалка во тоа време?

**DRAGI**
That means she runs and gets married. She runs.

**ДРАГИ**
Тоа значи дека таа бега и се мажи. Таа бега.

**DAVID**
She like elopes? She leaves her uncle's house and goes to the prospective…

**ДЕЈВИД**
Тоа значи дека бега од дома и се мажи? Таа побегнува за него? Таа ја напушта куќата на нејзиниот чичко и оди кај идниот сопруг?

**DRAGI**
That's a runaway.

**ДРАГИ**
Тоа е бегалка.

**DAVID**
Okay. And then they get married that way. So there wasn't any need for a dowry or anything like that.

**ДЕЈВИД**
Во ред. И тогаш тие се венчаат на тој начин. Значи немало потреба од мираз или нешто слично.

**DRAGI**
Nothing. Because she ran away.

**ДРАГИ**
Ништо. Затоа што побегнала за него.

**DAVID**
Got it.

**ДЕЈВИД**
Сфатив.

**DRAGI**
No wedding, no nothing.

**ДРАГИ**
Ни свадба, ни ништо.

**DAVID**
Oh, there was not even a wedding?

**ДЕЈВИД**
О, немало ни свадба?

**DRAGI**
That was the point. They agreed so she goes a runaway bride because there was nobody to...

**ДРАГИ**
Во тоа е поентата. Се договориле, таа да оди бегала бидејќи немало кој да ...

**DAVID**
Oh my goodness. What a tough start.

**ДЕЈВИД**
Боже мој, колку тежок почеток.

## 19:42

**DRAGI**
This is what her sone Dimitrie said about it:

“Bonda got married at the age of twenty (2.11.1925) to Manasija from Skopje. They met, as it was customary at that time, through matchmakers. Since they were both orphans, there was no one to make them a wedding, so they decided that she should come to him as a runaway bride. She didn’t get anything for dowry, so she only took her clothes with her, in a chest, and that was all. But, as Bonda used to say it herself, "as God is good, no one else is." Even though my father was not rich, he did not spare money for her to have a decent urban wardrobe. As an oldest child, I remember her wearing a black lady’s fur coat, as well as the patent leather stylish shoes, according to the fashion at the time.”

Life was ahead of them. Bonda had six children, two daughters and four sons. Unfortunately, three of them passed away in their very early childhood. One of the sons and the two daughters passed away very young. And that was kind of a devastating moment...

**DAVID**
For sure.

**DRAGI**
...for the family and they were in a kind of a deep depression.

But they found a way to get out of that depression and this is how Dimitrie puts it in his letter:

“What happened to them was a great tragedy for the young family. But they, with the magnificent strength of their spirit and infinitely strong will, managed to overcome the indescribable pain and sorrow of the loss of the innocent children, to survive and to move forward in life, devoting themselves to provide for the survived children a decent life and progress. In fact, Bonda’s singing was a great support and consolation and played a big role in overcoming this human and family tragedy.”

**ДРАГИ**
Еве што вели нејзиниот син Димитрие за тоа:

„Бонда се омажила на дваесетгодишна возраст (2.11.1925 г.) за Манасија од Скопје, а се запознале, како што тогаш било вообичаено, преку стројници. Бидејќи и двајцата биле сираци, немало кој да им прави свадба, па решиле таа да дојде кај него како бегалка. За мираз не добила ама баш ништо, така што со себе ја понела само својата облека во еден ковчег и тоа било сѐ. Но, како што Бонда самата велеше, „како е Господ, никој не е.“ Татко ми и ако не бил богат, не жалел пари таа да има пристојна градска гардероба. Јас како повозрасно дете ја паметам црната дамска бунда што ја носеше, како и лакираните дамски чевли со ремче, како што тогаш била модата.“

Животот бил пред нив. Бонда имала шест деца, две ќерки и четири сина. За жал, три од нив починале во раното детство. Еден од синовите и двете ќерки починале многу мали. И тоа бил катастрофален момент...

**ДЕЈВИД**
Сигурно.

**ДРАГИ**
...за семејството и тие биле во една длабока депресија.

Сепак, нашле начин да излезат од неа. И, како што вели Димитрие во своето писмо,

„Тоа што им се случило била голема трагедија за младото семејство. Но тие, со величествената цврстина на нивниот дух и бескрајно силната волја успеале да ја совладаат неописливата болка и тага за загубените невини чеда, да преживеат и да продолжат напред во животот, посветувајќи се на преживеаните деца да им обезбедат пристоен живот и напредок. Всушност, тука песната на Бонда била голема поткрепа и утеха и одиграла голема улога во надминувањето на оваа човечка и семејна трагедија.“

## 23:02

**DAVID**
Wow. So she loses her father, who gets murdered. She loses her mother, runs away to get married because that's the only way that make that happen. And then she loses three of her kids.

**ДЕЈВИД**
Леле! Значи, таа го губи својот татко, кој е убиен, ја губи мајка си, бега за да се омажи затоа што тоа е единствениот начин тоа да се случи, и тогаш таа губи три од нејзините деца.

**DRAGI**
And that just tells you how enormous was her love for the song, for the singing. It tells you how much the song meant to her, to her soul. It was, as we say in the Turks say, a *mevlem*. It was…

**ДРАГИ**
И, токму самото тоа кажува колку огромна била нејзината љубов кон песната, кон пеењето. Тоа ви кажува колку многу песната ѝ значела за нејзината душа. Песната ѝ била, како што велиме ние, а исто велат и Турците, мевлем за душата.

**DAVID**
A balm.

**ДЕЈВИД**
Мевлем?

**DRAGI**
…a balm. Yes. It was a balm for her soul. And she used it also as a medication for the rest of the people in her family.

**ДРАГИ**
Да. Тоа било лек за нејзината душа кој го искористила и како лек за останатите членови во нејзиното семејство.

**DAVID**
Right.

**ДЕЈВИД**
Точно.

**DRAGI**
So she must have had a very strong sense, I mean, with her singing, very strong way of getting the vibrations of her song, of her feelings, of her mood and radiating it into somebody else's mind just by listening to her.

When I read this, I very much was reminded of my mother.

**ДРАГИ**
Таа морала да поседува многу моќно чувство, мислам, преку нејзиното пеење, на еден многу силен начин, вибрациите на нејзината песна, на нејзините чувства, нејзиното расположение, и само слушајки ја, да ги пренесе во туѓата потсвест.

Додека го читав ова, многу се потсетив на мајка ми.

**DAVID**
Yeah.

**ДЕЈВИД**
Да.

**DRAGI**
Because later on, Dimitrie says, she sang at any time. She sang while he was making the bread. She sang while she was knitting. She sang while she was sweeping the front yard. She never chose a time for her song, for her singing. It was always a convenient time for her to sing.

**ДРАГИ**
Како што понатаму вели синот Димитрие, таа пеела во секое време. Пеела додека го месела лебот, пеела додека плетела, додека го метела дворот пред куќата. Никогаш не бирала време за да ја запее нејзината песна. За песната, секое време било погодно време за неа.

**DAVID**
It was always present.

**ДЕЈВИД**
Песната била секогаш присутна.

**24:38**

**DRAGI**
It was always present. And she sang at all kind of events, christening parties, engagements, weddings, festivities, religious gatherings. She was always present with her song. And the way he put it, he says, and he didn't need a lot of begging for her to start singing because the song was just right there at the edge to come out by itself. And she sang with a great joy. Whenever she sang, you could see in her eyes the happiness radiating in the air. And people were kind of obsessed with the way she was singing. She was not imposing on people, but the sound of her voice was capturing the audience. And also that reminded me of my mother too. Now I'm just comparing these two singers from almost the same time. Actually, my mother came later on, on the stage. I must say that Bonda Dimiškova was very lucky to have her husband, Manassye, for her husband, because obviously he never stopped Bonda.

**ДРАГИ**
Секогаш! Пеела на секакви настани, крштевки, веридби, свадби, веселби, верски собири. Таа секогаш и насекаде бела присутна со нејзината песна. И како што вели синот, и не ѝ требало многу молење за да запее, зашто песната ѝ била токму на самиот раб на готовност за самата да излезе од неа. Таа пеела со голема радост. Секогаш, кога пеела, во нејзините очи се гледала среќа која го озрачувала воздухот. И, луѓето беле некако опседнати со начинот на кој таа пеела.Таа не им се наметнувала, но звукот на нејзиниот глас ги пленел слушателите. Тоа ме потсети и на мајка ми. Сега, само ги споредувам овие две пејачки од речиси исто време. Всушност, мајка ми на сцената дојде подоцна. Морам да кажам дека Бонда Димишкова имала голема среќа што го имала Манасије за сопруг, бидејќи, очигледно, тој никогаш не ја спречил да пее.

**DAVID**
Well, thank goodness something went right for her.

**ДЕЈВИД**
Фала Богу, нешто ѝ одело како што треба.

**DRAGI**
He never put any barriers.

**ДРАГИ**
Никогаш не ѝ поставил бариери.

**DAVID**
He never stopped her, prevented her from singing.

**ДЕЈВИД**
Никогаш не ја спречил да пее.

**DRAGI**
Yes. And I'm sure he probably encouraged her, because he must have liked her singing, liked her singing as much as anybody else.

**ДРАГИ**
Да, и сигурен сум дека тој веројатно дури и ја охрабрувал, зашто и нему, како и на сите други, сигурно му се допаднало како таа пее.

**DAVID**
Well, he might have needed it too, given everything that happened with their kids.

**ДЕЈВИД**
Па, можеби тоа и нему му требало, со оглед на сè она што се случило со нивните деца.

**DRAGI**
Exactly. Yeah. He found it as a kind of a yoga meditation, or described with contemporary modern terms.

To my question, when did she start singing? He simply replied with, "To be honest with you, I cannot say then she started singing. It was that moment, because she sang all the time. If it was not official sing-

**ДРАГИ**
Точно. Тој тоа го сметал за еден вид јога медитирање, кажано со модерна, современа терминологија.

На моето прашање, кога таа започнала да пее, синот на Бонда едноставно одговори: „Да бидам искрен со вас, не можам да кажам дека почнала да пее тогаш и тогаш, кој бил тој момент, зашто

ing, meaning in public, she sang at home. The song was always in there, so I remember her singing since I remember for myself." But then he said publicly she started singing when, a lot later, he said, "I don't know what initiated her public singing. Was it some kind of a public audition, or was it some kind of a private audition, or was it some performance like later on they used to have 'The Mic Is Yours'?"

**DAVID**
Open mic, yeah.

**DRAGI**
Yeah, open mic, like a lot other, you know, many other singers were discovered. He said, "I don't remember any of that, but what I remember was that all of a sudden she went to Radio Skopje, and she came back and she said, 'Oh, I just talked to Vasil Hadžimanov,' who at that time was everything in the folk department of radio. He was the producer, he was the composer, he was the music arranger, you name it, because at that time Radio Skopje was just, you know, kind of making first steps into live air broadcasting. He says, "I remember she came and she said, 'I started singing, and he got his tamburče, which is the diminutive for a tambur, but that's used kind of the kids playing tamburče. The kid has a little tamburče, not taking it for a serious instrument.

She told him, "He took out his tamburče, and I was playing, and he was accompanying me, and it sounded all of a sudden totally different. I was so much inspired to give more and more from myself because the tambura accompanying me gave totally a different impression of my singing." And he was very impressed, and he said, "Do you know songs? What else do you know?" And she said, "I know a lot of songs because I used to sing since child, since I was a kid."

And he told her immediately, "Okay, can you come tomorrow morning for a short rehearsal because the next day you're going to be on the radio."

**DAVID**
Boom, just like that.

таа пееше секогаш. Ако не беше официјално, мислам јавно, таа пееше по дома. Песната отсекогаш беше присутна, и на неа се сеќавам од кога знам за себе." Но, сепак, тој рече дека јавно почнала да пее многу подоцна. Рече: „Не знам што го иницираше нејзиното јавно пеење. Не знам дали тоа беше некоја аудиција како што подоцна беше „Микрофонот е ваш."

**ДЕЈВИД**
Отворен микрофо

**ДРАГИ**
Да, отворен микрофон. Како што знаете, многу други пејачи беа откриени на тој начин. Тој рече: „Не се сеќавам на такво нешто, но она на кое се сеќавам е дека наеднаш отиде во Радио Скопје, се врати и рече: „О, само што разговарав со Васил Хаџиманов." Тој во тоа време беше сѐ во одделот на народна музика на Радио Скопје. Тој беше продуцент, тој беше композитор, тој беше музички аранжер, зашто во тоа време, Радио Скопје само што ги правеше првите чекори во емитувањето во живо. И, Димитрие рече: „Се сеќавам дека таа дојде и рече: „Почнав да пеам и тој го зеде своето тамбурче." тоа е деминутив од тамбура и се употребува како израз кога децата свират во игрите. „Детето има мало тамбурче." и тука не се зема за вистински инструмент.

„Тој го извадил тамбурчето и ја придружувал, и наеднаш сѐ звучело сосема поинаку. Веројатно Бонда била толку многу инспирирана да даде сѐ повеќе и повеќе од себе зашто тамбурата што ја придружувала, овозможила сосема поинаков впечаток за нејзиното пеење. Тој бил многу импресиониран и ја прашал дали знае некои песни и што друго знае. И таа му рекла: „Знам многу песни зашто пеам уште од дете, уште кога бев мала."

И, веднаш ѝ рекол: „Добро, можеш ли да дојдеш утре наутро, на куса проба бидејќи следниот ден ќе бидеш на радио."

**ДЕЈВИД**
Бум, баш така!

## 29:02

**DRAGI**
Just like that.

**ДРАГИ**
Токму така.

**DAVID**
You know, I have a question that maybe you asked her son this question. Did she ever tell him or does he know where she learned the songs? Because her mother, she might have learned them from her mother, or did she learn them from the neighborhood, or how did she learn these songs?

**ДЕЈВИД**
Знаеш, имам прашање кое можеби можеш да му го поставиш на нејзиниот син. Дали некогаш му кажала, или дали тој знае, каде ги научила песните? Можеби таа ги научила од мајка ѝ, или ги научила од соседството, или како воопшто ги научила овие песни?

**DRAGI**
Well, she wrote a couple of paragraphs about it because I did ask him, and he said that her brothers played kavals.

**ДРАГИ**
Па, тој напиша неколку редови за тоа зашто јас веќе го прашав. Рече дека нејзините браќа свиреле на кавали.

**DAVID**
Oh, no kidding.

**ДЕЈВИД**
О, не се шегуваш?

**DRAGI**
Yeah, he doesn't know how much and how bad or good they played, but he mentioned that in the family there was, you know, internal music playing.

**ДРАГИ**
Да, тој не знае колку свиреле, и дали свиреле добро, или лошо, но спомна дека во семејството имало семејно музицирање.

**DAVID**
There was a musical family.

**ДЕЈВИД**
Тоа било музикално семејство.

**DRAGI**
Yeah, and she sang with them, and he said, 'I presume that she learned the songs from them.' And he said that most probably other people were gathering at nights and evenings while they were playing the kavals, and they joined them, and these working winter sessions, she comes from an agricultural family there.

**ДРАГИ**
Да, таа пеела со нив. Рече: „Претпоставувам дека ги научила песните од нив." Рече и дека, најверојатно, навечер се собирале и други луѓе и додека свиреле со кавалите им се придружувале со песни. Тоа биле зимски работни сесии зашто таа потекнува од тамошно земјоделско семејство.

**DAVID**
Right, so they spent a lot of time in the winter, evenings, singing and playing music.

**ДЕЈВИД**
Точно така, во зима, навечер, тие минувале многу време пеејќи и свирејќи.

**DRAGI**
Yes, playing and not idling, but working still, but playing music, and people would gather, and you know, I sing a song, you sing a song, he sings a song, she sings a song, he said that she was just absorbing. She was immediately picking up the song. She soaked it up. Yeah, she was soaking up the songs, and the way

**ДРАГИ**
Да, свирејќи, но не и без работа. Така работејќи, со свирки и музика, се собирале, и знаете, јас ќе запеам песна, ти ќе пееш, тој ќе запее и таа песните само ги впивала во себе. Таа веднаш ги запамтувала и ги закопувала во себе. Како што рече нејзиниот син, не ѝ требало по втор пат да слуша

he said it, it didn't need second time to listen to a song. It was just one time enough to learn the song, memorize it, and at the first attempt she would, you know...

една песна. Било доволно само еднаш да ја чуе, да ја запомни и во првиот обид да ја запее...

**DAVID**
That's just like you, man.

**ДЕЈВИД**
Тоа е исто како тебе, човеку.

**DRAGI**
Just like me.

**ДРАГИ**
Исто како мене.

**DAVID**
No, I'm serious. All right. That sounds very familiar to the way you've described how you picked up these songs from your mother and listening on the radio, is that once you hear a song, it stays there.

**ДЕЈВИД**
Не, сериозно. Во ред, тоа звучи многу познато на начинот кој ти го опишуваше како ти ги научи песните од мајка ти, или слушајќи ги на радио, и штом еднаш ќе ја слушнеше, песната останувала во тебе.

**DRAGI**
True. Yeah, OK. True. OK, I admit that. Yeah.

**ДРАГИ**
Точно. Да, во ред. Вистина. Во ред, тоа го прифаќам.

**DAVID**
I'm glad you admit that.

**ДЕЈВИД**
Мило ми е што го прифаќаш.

**DRAGI**
And he said, Vasil Hadžimanov asked her, "Do you have your songs?" Meaning, do you have new songs?

**ДРАГИ**
И, Хаџиманов ја прашал: „Имаш ли твои песни?." што всушност значи, имаш ли нови песни.

**DAVID**
Right, exactly. That he hadn't heard before.

**ДЕЈВИД**
Точно, точно. До сега не слушнати.

**DRAGI**
Not heard before. And she said, luckily, she had a lot of, you know, songs.

The very first songs that she appeared in the live broadcasting was "Izviknal Dimo, proviknal" "Aj zajdi zajdi, more jasno sonce", "Veceraj Kate, Veceraj".

**ДРАГИ**
До сега неслушнати. Му одговорила дека, за среќа, има многу.

Првите песни со кои се појавила во директен пренос беле „Извикнал Димо, провикнал." „Ај зајди зајди, море јасно сонце." „Вечерај Кате, вечерај."

**DAVID**
'So she sang, she recorded "Zajdi zajdi"?

**ДЕЈВИД**
Ја пеела „Зајди, зајди?"

**DRAGI**
No, no, no, no. No, hold on for a second. "More zajdi zajdi."

**ДРАГИ**
Не, не! „Ај, зајди зајди..."

**32:26**

**DAVID**
Different song.

**DRAGI**
Different song. And those songs actually was a green light to Bonda to have the doors open…

**DAVID**
Floodgates open.

**DRAGI**
At Radio Skopje, yes, appearance and later on recordings. I remember, David, at that time people did not have, not very many people had radios at home.

**DAVID**
Right.

**DRAGI**
It was a rare gadget in a house. In the neighborhood, probably one or two families would have a radio. So, we used to go to the center of the city where there were speakers, placed up on a pole, the radio is turned on and people can listen to the radio program. In the late afternoon, after work, people, very often, were just walking, promenading, or resting, or meeting people down at the main square. And that's where these speakers were posted. I remember as kids going, walking all the way to the square so we can listen to them. People were deliberately, intentionally going to that square so they can listen to Bonda, not only Bonda at that time. Bonda was among the first ones at that time. So we talked about this. There was Vaska, there was Dragitsa Nikolova, Nikola Badev, there was Mirvet Belovska. They all were alive, but Bonda was probably the very first one because she was, she probably was the oldest. During that time, Vaska was very young, just married. Dragitsa Nikolova was not even married. Mirvet Belovska was not married. And they were a lot younger, so they came slightly later than Bonda.

**DAVID**
So this was in the early '50s?

**ДЕЈВИД**
Различна песна.

**ДРАГИ**
Различна. Тие песни всушност значеле зелено светло за Бонда да ги отвори вратите…

**ДЕЈВИД**
Железните порти се отворени.

**ДРАГИ**
Да, портите на Радио Скопје, а подоцна и за радио снимки. Се сеќавам, Дејвид, во тоа време, не многу луѓе имаа радио апарат дома.

**ДЕЈВИД**
Точно.

**ДРАГИ**
Тоа беше редок апарат во една куќа. Во соседството, веројатно едно или две семејства би имале радио. Така, одевме до центарот на градот каде што имаше звучници, поставени на столбови, радиото беше вклучено и луѓето можеа да ја слушаат радио програмата. Во доцните попладневни часови, после работа, луѓето, многу често, само се шетаа, или се одмораа, или се среќаваа со други луѓе на главниот плоштад. И, тука беа поставени овие звучници. Се сеќавам, како деца, одевме, пешачевме сѐ до плоштадот за да можеме да слушаме радио. Луѓето дури намерно одеа на тој плоштад за да можат да ја слушаат Бонда, и не само Бонда. Во тоа време, Бонда беше меѓу првите кои настапуваа во живо. Значи, разговаравме за почетокот. Тука беше Васка, беше Драгица Николова, Никола Бадев, беше Мирвет Беловска. Сите пееја во живо, но Бонда, најверојатно е првата зашто таа беше највозрасна од сите. Во тоа време Васка била многу млада, тукушто била мажена. Драгица Николова не ни била мажена. Мирвет Беловска не била во брак. Сите биле многу помлади, па затоа и се дојдени нешто подоцна од Бонда.

**ДЕЈВИД**
Значи ова било во раните 50-ти?

**35:19**

**DRAGI**
Yes, in the early ’50s.

**ДРАГИ**
Да, во раните 50-ти.

**DAVID**
So she was about between 45 and 50 at that time when she first started recording.

**ДЕЈВИД**
Значи, таа имала околу 45-50 години во тоа време кога првпат почна да снима.

**DRAGI**
Yeah, yeah. If you go 1905, she was around 45, something like that. And Dimitrie, her son says, "Snow or sunshine, rain or fog, cold or hot. Early in the morning, she would get up and on foot she would walk all the way from the neighbor where they lived, go to the radio station which was in the center of the town to be on time for the live broadcasting.”

**ДРАГИ**
Да, да. Ако одите од 1905 година, тогаш таа имала околу 45, или тука некаде. Димитрие, нејзиниот син, вели: „Снег или сонце, дожд или магла, студено или топло, рано изутрина стануваше и пеш, од соседството каде што живеевме, одеше до радио станицата која беше во центарот на градот, за да биде на време за преносот во живо.“

**DAVID**
So she recorded a lot, it sounds like.

**ДЕЈВИД**
Значи, таа снимила многу. Така ми звучи.

**DRAGI**
She did record, but unfortunately in 1962 there was a big flood in Skopje, and most of these tapes and material were kept down in the basement of the radio station. So it was flooded and Dimitrie says, "Only one tape was saved with six songs."

**ДРАГИ**
Снимила, но за жал, во 1962 година имаше голема поплава во Скопје, а повеќето од овие ленти и материјали беле чувани во подрумот на радио станицата. Така, сè било поплавено. Димитрие вели: „Сочувана е само една лента со шест песни.“

**DAVID**
Oh my goodness.

**ДЕЈВИД**
Боже мој!

**DRAGI**
And they have, you know, a copy of that and they’re trying to digitalize it, but with not much of success. But they’re still working on it and he hopes they will find a way to revive these recordings and make them available.

**ДРАГИ**
Тие имаат копија од таа лента и се обидуваат да ја дигитализираат, но за сега е без многу успех. Сè уште работат на тоа и тој се надева дека ќе најдат начин да ги оживеат овие снимки и да ги направат достапни.

**DAVID**
Oh, that’s such a shame. Oh my goodness. Not just her tapes, other people’s tapes too.

**ДЕЈВИД**
О, голема штета! Боже! Не само за нејзините ленти, туку исто така и за лентите на другите пејачи.

**DRAGI**
And then she recorded and she just presented a lot of other songs that were new. Well, at that time many songs were new because, you know, there was not the recording and every song from any kind of different area that’s mine would be a new to me.

**ДРАГИ**
И така, таа снимала и презентирала многу други песни кои биле нови. Па, во тоа време многу песни биле нови зашто, знаете, немало снимања и секоја песна, од која било друга област, надвор од она во која се наоѓам, би била нова за мене.

## 36:55

**DAVID**
Right, because you never heard them on the radio because there was no radio.

**DRAGI**
Yeah, exactly, exactly. But her songs remained to be remembered for a long time. Dimitrie says that Vaska Ilieva respected her aunt a great deal. Bonda was Vaska's master teacher. Vaska used to come very often to talk to Bonda, to exchange experience, to learn new songs from Bonda Dimișkva. More zaydi zaydi later on Vaska Ilieva recorded that song. Večeraj Kate, Večeraj Vaska Ilieva recorded that song. And the rest of the songs, I don't think anybody made an attempt to make a remix or record them, because there was specification, a label, a trademark for Bonda Dimiškova. Some of the singers didn't dare, you know, singing, because you have to be better than somebody if you make a new recording. Do you know? To surpass the previous singer. And not very many were confident enough to step forward and make a new recording.

Vaska Ilieva was very grateful to Bonda. There was not a radio interview, a TV interview or a journal interview. Vaska Ilieva, when she talked about herself, not to mention her aunt Bonda. And that just tells us that she probably learned a lot from her and she felt she owed her a lot. Well, of course, she was, you know, very close to her because she was her aunt. But still, she never forgot to express her gratitude to her aunt.

In the letter, Dimitrie, Bonda's son says, Bonda was not only a popular singer, she was loved and respected in general as a person by everybody. She was a great humanist, always smiling, honest, open, approachable, reliable and communicative with a positive attitude in her life.

**DAVID**
Which is amazing considering her life experience.

**DRAGI**
Yeah, she was always ready to make people laugh, to

**ДЕЈВИД**
Точно, никогаш не сте ги слушнале на радио затоа што немало радио.

**ДРАГИ**
Да, точно. Но, нејзините песни останаа долго да се паметат. Димитрие вели дека Васка Илиева многу ја почитувала својата тетка. Бонда ѝ била главниот учител на Васка. Васка често одела да разговара со Бонда, да размени искуство, да научи нови песни од неа. Има повеќе песни. Подоцна, Васка Илиева од нејзините песни, ги сними „Ај, зајди, зајди, море јасно сонце.“ „Вечерај Кате, вечерај.“ и неколку други. Останатите песни, мислам дека никој не се обиде да ги запее, или да ги сними, бидејќи Бонда Димишкова имаше свои специфичности, своја етикета, заштитен знак. Некои од пејачите не се осмелуваа да ги отпеат, зашто за тоа треба да бидеш подобар од оној кој прв ја направил снимката. Знаете, да се надмине претходниот пејач. И многумина не беа доволно самоуверени за да зачекорат напред и да направат нова снимка.

Васка Илиева ѝ била многу благодарна на Бонда. Немало радио интервју, ТВ интервју, или интервју за весник, во кое Васка Илиева зборувала за себе, а да не ја спомне нејзината тетка Бонда. И тоа ни кажува колку многу научила од неа и колку многу чувствувала дека ѝ должи. Па, се разбира, таа била многу блиска со неа бидејќи ѝ била тетка. Сепак, таа никогаш не заборавила да ѝ изрази благодарност за тоа.

Во писмото, Димитрие, синот на Бонда, вели дека Бонда не само што била популарна пејачка, таа била сакана и почитувана воопшто како личност од сите. Била голема хуманистка, секогаш насмеана, искрена, отворена, пристапна, доверлива и комуникативна, со позитивен став во животот.

**ДЕЈВИД**
Прекрасно, со оглед на нејзиното претходно животно искуство.

**ДРАГИ**
Да. Таа секогаш била подготвена да ги насмее лу-

encourage them, to comfort them. All in all, the time with her was perceived as a pleasant event.

She was famous and popular not only in her birthplace, Čait, that's the name of the neighborhood, but also in the whole city, especially in her new home in Debar Maalo when she moved with her new family. The writer Vladimir Plaverski in one of his works wrote about her popularity in the neighborhood Novo Maalo and her popularity in general. In the days when radios were a rare gadget and in the neighborhood there was only one radio, they would take the radio out and put it on the window, turn it up to the sky so the whole neighborhood can share the joyous Bonda's singing. That's what he wrote about his mother. And then he says, she lost her life in a serious traffic accident…

**DAVID**
Oh my goodness.

**DRAGI**
…on a pedestrian crossing on November 28, 1979 when she was transferred to the military hospital, her son, Dr. Borivoje, a surgeon at the hospital was also called, but he could not do anything, her soul was already with the Lord.

"The man who saved so many lives could not do anything for his mother. That isn't fair."

**DAVID**
That's what he said.

**DRAGI**
That's what Dimitrie said. And then he concludes his saying about his mother.

"Bonda Dimiškova, although forgotten in public and in professional circles, is a well-deserved figure in the folk music culture of Macedonia. With her performance, with her voice in the air, with her melodious voice, she pulled away from oblivion, from disappearing because she contributed a part of herself to that

ѓето, да ги охрабри, да ги утеши. Сè на сè, времето минато со неа било толкувано како пријатен настан.

Била позната и популарна не само во родното место Чаир, така се вика нејзиното маало, туку и во целиот град, особено во делот на нејзиниот нов дом во Дебар Маало кога се преселила со нејзиното семејство. Писателот Владимир Плавески во едно свое дело пишува за нејзината популарност во населбата Ново Маало и за нејзината популарност воопшто. Во времето кога радиото било реткост и во соседството имало само еден радио апарат, тие го ваделе и го ставале на прозорецот, го пуштале гласно до небеса за целото соседство да може да го сподели веселото пеење на Бонда. Така синот пишува за неговата мајка. А потоа, тој вели, таа го загубила животот во тешка сообраќајна несреќа…

**ДЕЈВИД**
Боже мој!

**ДРАГИ**
... на пешачки премин на 28 ноември 1979 година. Кога била префрлена во воената болница, бил повикан и нејзиниот син, д-р Боривое, хирург во болницата, но не можел ништо да стори. Нејзината душа веќе била со Господа.

„Човекот кој спаси толку човечки животи, не можеше ништо да стори за својата мајка. Тоа не е праведно!"

**ДЕЈВИД**
Така рече?

**ДРАГИ**
Така рече Димитрие. Потоа ја заврши својата приказна за мајка му:

„Бонда Димишкова, иако подзаборавена во јавноста и во професионалните кругови, е заслужен деец во народната музичка култура на Македонија. Таа со својот настап во етерот, со својот милозвучен глас, се отргна од заборав, од исчезнување и стави на увид на јавноста дел од

rich treasury of Macedonian folk music to the public, to the vast audience. With that, she made a significant contribution to the affirmation of the Macedonian musical tradition and culture, as well as to the affirmation of the Macedonian nation and its culture in general in the rest of the world. Dimitrie Dimiškovski, Skopje, September 30th, 2023.

Dear Bonda, thank you for the contribution. Thank you for your lovely music. Thank you for having a life to share with the rest of the world. And the world still remembers you.

богатата ризница на македонскиот мелос. Со тоа, таа даде значаен придонес за афирмацијата на македонската музичка традиција и култура, како и за афирмацијата на македонската нација и нејзината култура воопшто во остатокот од светот. Димитрие Димишковски, Скопје, 30 септември 2023 година.“

Драга Бонда, ти благодариме за придонесот. Ти благодариме за твојата прекрасна музика. Ти благодариме што имаше таков живот за да се сподели со остатокот од светот. И, светот сѐ уште те памети.

Dragi Spasovski & David Bilides
Macedonian Postcards
Izvor Music